Д.П бр. 8/19

ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Емине Мурати, Петар Аневски, Љубинка Башеска и Нада Прочкова, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот Д.С. од С., по одржаната расправа согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на нотарот, на ден 15.11.2019 год., го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Нотарот Д.С. од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при потврдување на приватна исправа (солемнизација), не ја потпишува приватната исправа која ја потврдува и сите прилози кон потврдата во предметите ОДУ бр. Х/17 и ОДУ бр. Х/19, со што постапил спротивно на член 40 став (3) и 55 став (4) од Законот за нотаријатот и член 6 од Правилникот за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

## О б р а з л о ж е н и е

Во предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет на НКРСМ од страна Министерство за правда, бр. 09-2209/8 од 23.07.2019 година, се наведува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторил дисциплинска повреда од член 139 став(1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка нотарот во својата одбрана, изнесена писмено со поднесокот од 13.08.2019 год. и усмено на расправата, наведе дека при извршениот надзор немало никаква забелешка од страна на Комисијата по однос на неговата работа. Неговиот потпис е ставен на секоја страница од потврдената приватна исправа. За наведените предмети Комисијата побарала копија од предметите, но при копирањето направена е грешка бидејќи не се видни неговите потписи ставени на приватните исправи. Наведе дека досега не е дисциплински казнуван.

За доказ се приложени фотокопии на списи ОДУ бр. Х/17 и ОДУ бр. Х/19;

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка,одбраната на нотарот и изведените докази, Дисциплинскиот совет ја утврди следнава фактичка состојба :

Во постапката пред нотарот со нотарската исправа - потврда ОДУ бр.X/17 од 14.11.2017 година, потврден е Договорот за дар на недвижен имот, склучен на ден 30.10.2017 година, помеѓу Ќ.Ќ. од С., како дародавач, и Ќ.Е од С., како даропримач, а под ОДУ бр. 302/19 од 20.03.2019 година, потврден е Договорот за дар на недвижен имот склучен на ден 28.02.2019 година, помеѓу П.Ј. од С., како дародавач, и Б.Ј., како дароприма. Сите страници на приватните исправи и прилозите не се потпишани од страна на именуваниот нотар, што е констатирано и од страна на Комисијата за надзор на Министерство за правда, при извршениот надзор над работење на нотарот на ден 16.04.2019 год. - записник бр. 09 – 2208/4 од 10.05.2019 год.- стр.5.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет наоѓа дека нотарот при составувањето на наведените нотарски исправи не постапил во согласност со член 40 став (3) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 72/16), според кој на крајот од потврдата на приватната исправа, но над потписот на нотарот, со потпис и рачно напишано име и презиме се потпишуваат сите учесници кои учествувале при потврдувањето на приватната исправа. Доколку потврдата на приватната исправа се состои од повеќе страници, нотарот и учесниците ја потпишуваат или парафираат секоја страница од потврдата и од приватната исправа, а на кој начин, во наведените предмети, нотарот не постапил. Таква обврска за нотарот постои согласно со членот 55 став (4) од Законот за нотаријатот, бидејќи во текстот на наведените нотарски исправи нотарот констатирал дека истите по својата содржина одговараат на прописите за содржината на нотарскиот акт. Начинот, пак, на пишување и обележување на нотарските исправи е уреден со Правилникот за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи („Сл. веснк РМ“ бр. 226/16), според кој – членот 6 став (3), во постапката за потврдување на приватна исправа учесниците ставаат свој потпис на крајот на секој лист од потврдата на нотарот која останува во архивата на нотарот, на сите прилози кон потврдата, како и на секој лист од сите примероци на приватната исправа која се потврдува.

Постапувајќи на начин утврден во фактичката состојба по предметот, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, нотарот сторил дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“, на која се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка.

Дисциплинскиот совет ја ценеше, но не можеше да ја прифати како основана, одбраната на нотарот бидејќи истата е во спротивност со констатациите на Комисијата за надзор при извршениот надзор над работење на нотарот на записникот бр. 09 – 2208/4 од 10.05.2019 год.- стр.5, а кои нотарски исправи, во фотокопија, се доставени со Предлогот за поведување на дисциплинска постапка. Од тука следува заклучок дека потписите на нотарот се ставени после извршениот надзор од страна на Комисијата на Министерство за правда. Поради наведеното не постои објективна причина, Дисциплинскиот совет да се сомнева во веродостојноста на доставените

докази – фотокопиите на актите доставени со Предлогот за поведување на дисциплинска постапка.

При одмерувањето на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 7 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактот дека нотарот, според евиденцијата која се води во Нотарската комора, досега не е дисциплински казнуван, дека со сторената дисциплинска повреда не причинета штета на учесниците во наведените правни дела, дека нотарот дополнително ги потпишал приватните исправи и прилозите, поради што е изречена дисиплинска мерка – јавна опомена.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори воочената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на решението согласно член 33 став(1) точка 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ.

**Претседател на советот,**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА: против решението
дозволена е жалба во рок од 8 дена
по приемот до Второстепениот
дисциплински орган на Комората;
ДН: -Нотарот;
-Архивата;
-по конченоста до Министерство
за правда